As a part of the Energy Efficiency call 2016-2017 of the EU H2020 project program, the Project
"TowaRd market-based skills for sustAINable Energy Efficient construction" (TRAINEE) started its implementation from 1stof May 2018,
under Grant Agreement number: 785005 — TRAINEE — H2020-EE-2016-2017/H2020-EE-2017-CSA-PPI

Проект „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење" - "Toward market-based skills for sustainable energy efficient construction"- (TRAINEE)

Скопје,22.05.2020 година

*Објавено на веб www.kreacija.org на 12.06.2020*

**ПОВИК**
**ЗА ДОСТАВАЊЕ ПОНУДИ ЗА ТЕХНИЧКА ИЗРАБОТКА,**
**ДИЗАЈН И ПЕЧАТЕЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИ**

1. **Цел на повикот**

Проектот ќе развие и промовира поддршка на градежниот сектор, во насока на креирање дополнителни капацитети на вработените за имплементирање на параметрите за енергетска ефикасност во градбите. Проектот се води во рамките на „Хоризонт 2020" (работна програма „Безбедна, чиста и ефикасна енергија", под повикот за „Енергетска ефикасност" EE-2016-2017).

Понудувачот треба да обезбеди стручна поддршка за техничка изработка, дизајн и печатење на Извештај од пилотирање на алатки за следење на енергетската ефикасност на објектите .

2. **Цел на проектот**

Преку активности во рамките на Проектот „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење"-(TRAINEE), ќе се иницира прифаќање на надградените вештини на градежните работници од страна на пазарот преку остварување соработка со различни професионални групи. Една од задачите е поттикнување на потребата од користење на квалификувана работна сила во градежништвото со предлози за корекција на законодавството, во насока на исполнување на стандардите зацртани со Правилникот за енергетски карактеристики на градби.

Активностите ќе бидат спроведувани до 31.10.2020 година.

3. **Спроведување на активностите и очекувани резултати**

Со понудувачот ќе се склучи договор за техничка изработка, дизајн и печатење Извештај од пилотирање на алатки за следење на енергетската ефикасност на објектите, согласно динамиката на проектните активности. Од понудувачот се очекува испораката на печатените материјали да ја достави во месец Јуни-Јули 2020 година, .

4. **Начин на пријавување и избор**

Заинтересираните кандидати треба достават

- Понуда според образецот Прилог 1
- Изјава за прифаќање на критериумите и условите на Договорот

Понудите се доставуваат на емаил creation@t.mk до 19.06.2020 година, 14,00 часот. (со назнака повик за понуди за техничка изработка, дизајн и печатење на Извештај од пилотирање на алатки за следење на енергетската ефикасност на објектите .

Дополнителни прашања на телефон 3216 903 или 077 88 92 42.